ЦЕНТРАЛЕН ГРАДСКИ ПАРК Блок 1- ОПШТИНА КАРПОШ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП произлезе од потребата за усогласување со намената во ГУП-от на Град Скопје на делот од локалитетот Градски парк што припаѓа на Општина Карпош, а врз основа на предложени содржини доставени од Град Скопје.

23.2.ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ЦЕНТРАЛЕН ГРАДСКИ ПАРК БЛОК 3- ОПШТИНА КАРПОШ

23.3. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
ЦЕНТРАЛЕН ГРАДСКИ ПАРК Блок 3- ОПШТИНА КАРПОШ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП произлезе од потребата за усогласување со намената во ГУП-от на Град Скопје на делот од локалитетот Градски парк што припаѓа на Општина Карпош, а врз основа на предложени содржини доставени од Град Скопје.

24. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ- УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС / дел 1/

24.1. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС / дел 1/

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
**Образложение**: Донесувањето на овој ДУП произлезе од барања на граѓани заради оформување дел за мало стопанство .

24.2. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ- УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС / дел 2/

24.3. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС / дел 2/

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП произлезе од барања на граѓани заради оформување дел за мало стопанство.

24.4. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ- УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС / дел 3/

24.5. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС / дел 3/

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП произлезе од барања на граѓани заради оформување дел за мало стопанство.

25. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА НАЦРТ- УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ - ПРОШИРУВАЊЕ

25.1 ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА
НАСЕЛЕНО МЕСТО БАРДОВЦИ - ПРОШИРУВАЊЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
**Образложение:** Донесувањето на овој УП се наметна од искажаните барања од граѓани, како и од потребата за усогласување со одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

26. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - ДУП

ЗА ДЕЛ ОД КАСАРНА ИЛИНДЕН
26.1. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ДЕЛ ОД КАСАРНА ИЛИНДЕН
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија за приоритетна изработка на УП.

27. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ДУП
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

27.1. ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам

**Образложение:** Донесувањето на овој ДУП се наметна од барањата, односно иницијативите на сопствениците на земјиштето за промена на истиот, како и заради потребата за усогласување со одредбите на Законот за просторно и урбнаистичко планирање.

28. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЛОКАЛНА
УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам
**Образложение**: Согласно член 50 а од Законот за просторно и урбанистичко планирање на иницијативи на граѓани и други правни лица со локална урбанистичка планска документација може да се врши уредување и користење на просторот за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија, заради реализација на инвестициски проекти, што е од интерес и значење за општината.
III. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 07-9729/2
03.12.2010 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на Општина Карпош донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 03 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-10071/3** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**06.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 10 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008 и 124/2010) и член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и седмата седница одржана на 3 декември 2010 година донесе

**О Д Л У К А**

за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на Општина Карпош

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува и донесува Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на Општина Карпош.

Планот од ставот 1 на оваа Одлука се состои од 12 поединечни планови за заштита и спасување по секоја мерка за заштита и спасување, и тоа:

1. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ, МОБИЛИЗАЦИЈА И АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ;
2. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ;
3. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ;
4. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ;
5. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ЗАСОЛНУВАЊЕ;
6. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ;
7. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА РАДИОЛОШКА-ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА;
8. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ЕВАКУАЦИЈА;

9. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ;
10. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА АСАНАЦИЈА;
11. ПЛАН ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, и
12. ПЛАН ЗА ВРСКИ

Плановите се изработени во текстуален дел, работни карти и прилози кои се чуваат во Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општина Карпош – Одделение за заштита и спасување на граѓани и материјалните добра.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07- 9729/3 ПРЕТСЕДАВАЧ
03.12.2010 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за за утврдување Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник**

1.Се објавува Одлуката за за утврдување Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 03 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-10071/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**06.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија” бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Дваесет и седмата седница одржана на 03 декември 2010 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Ценовникот за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник .

Член 2

Ценовникот од член 1 на оваа Одлука е следен:

| | |
|---|---|
| -последна страна | 30.000,00 денари |
| -1/1 внатрешна страна | 15.000,00 денари |
| -1/2 внатрешна страна | 10.000,00 денари |
| -1/4 внатрешна страна | 14.145,00 денари |
| -последна страна 1 цм.2 | 60,00 денари |
| -внатрешна страна 1 цм.2 | 40,00 денари |
| -Лого на било која страна освен насловна | 20.000,00 денари |
| -Инсертирање на леток (летоците ги печати | 10.000,00 денари |

Претплатнички попуст:

| | |
|---|---|
| -за договор за 3 изданија на весникот | 5% |
| -за договор за 6 изданија на весникот | 10% |
| -за договор за 12 изданија на весникот | 20% |
| -за плаќање однапред дополнителни | 5% |

Цените се без пресметан ДДВ.

Член 3

Се задолжува Секторот за односи со јавноста и информирање на граѓаните да ги утврди техничките детали во врска со користењето на рекламниот и огласниот простор во општинскиот весник .

Член 4

Со стапувањето во сила на Оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на Ценовник за отстапување на рекламен простор (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2007).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош”

Број 07- 9729/4 ПРЕТСЕДАВАЧ

03.12 .2010 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,

С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности на жените и мажите и определување на координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности на жените и мажите и определување на координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Карпош донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 03 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-10071/5**
**06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 40 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и седмата седница, одржана на 03 декември 2010 година донесе

# О Д Л У К А
## за измена на Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности на жените и мажите и определување на координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Карпош

1. Во Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности на жените и мажите и определување на координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош” бр. 12/2009/ во член 8 став 3 алинеа 9 наместо „Оливер Зафировски” да стои „Жозефина Гласновиќ”.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 9729/5
03.12.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за спорт на Советот на Општина Карпош**

1.Се објавува Решението за измена на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за спорт на Советот на Општина Карпош донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 03 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10071/6** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**06.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 40 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Дваесет и седмата седница одржана на 03 декември 2010 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за измена на Решение за избор на Претседател и членови
на Комисијата за спорт на Советот на Општина Карпош

1. Во Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за спорт на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 6/2010) во точка 1 алинеа 1 точка 2 наместо „Оливер Зафировски” да стои „Жозефина Гласновиќ”.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 9729/6
03.12.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решение за избор на Претседател и членови на Комисијата за финансии и локален економски развој на Советот на Општина Карпош**

1.Се објавува Решението за измена на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за финансии и локален економски развој на Советот на Општина Карпош донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 03 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08-10071/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**06.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош” бр. 01/2006/ Советот на Општина Карпош на Дваесет и седмата седница, одржана на 03 декември 2010 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за измена на Решение за избор на Претседател и членови
на Комисијата за финансии и локален економски развој
на Советот на Општина Карпош

1. Во Решението за измена на Решението за избор на Претседател и членови на Комисијата за финансии и локален економски развој на Советот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош” бр. 6/2010/ во точка 1, алинеа 2, точка 3 наместо „Оливер Зафировски” да стои „Жозефина Гласновиќ”.

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 9729/7 ПРЕТСЕДАВАЧ
03.12.2010 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош на NEXPO – Сараево 2011**

1.Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош на NEXPO – Сараево 2011 донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 03 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-10071/8** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**06.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија” бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Дваесет и седмата седница одржана на 03 декември 2010 година донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош на NEXPO – Сараево 2011**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 900.000,00 денари за учество на Општина Карпош на манифестацијата NEXPO Сараево 2011 која ќе се одржи на 11- ти и 12-ти Март 2011 година во Сараево, Република Босна и Херцеговина.

**Член 2**

Општината Карпош на манифестацијата NEXPO Сарајево 2011 ќе ја претставуваат : членови на Советот на Општина Карпош, вработени во општинската администрација и претставници од бизнис секторот од подрачјето на Општина Карпош

**Член 3**

Финансиските средства се наменети за учество на Општина Карпош на манифестацијата **NEXPO Сарајево 2011**, во насока на афирмирање на досегашните постигнувања на општината и збогатување со нови знаења и контакти за соработка..

**Член 4**

Финансиските средствата од точка 1 на оваа Одлука се обезбедени од Програма ЕО, ставка 420 – патни и дневни трошоци, потставка 420220 – патување во странство - патни расходи и потставка 420230 – патување во странство – сместување, Програма ЕО, ставка 425 – договорни услуги, потставка 425130 – изнајмување на друг тип на простор од Буџетот на Општина Карпош за 2010 година.

**Член 5**

Оваа Одлука ќе ја спроведе Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07- 9729/8
03.12.2010 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за заштита на животната средина за 2011 година**

1.Се објавува Програмата за заштита на животната средина за 2011 година донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 03 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-10071/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**06.12.2010 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски ,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Општина Карпош„ бр.5/2002) Советот на Општина Карпош на Дваесет и седмата седница одржана на 03 декември 2010 година донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2011 ГОДИНА

## I

Со оваа Програма се утврдуваат планираните приходи и намена на користење приходи и намена на користење средства за активности кои се планираат во текот на 2011 година во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина.

За реализација на оваа програма се планираат средства од буџетот на Општина Карпош
Во вкупен износ од **3.000.000,00** денари, како што е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2011 година

## II

Средствата од точка I став 2 од оваа Програма ќе се користат за:

1. **Раководење со отпадот (1. 100. 000,00 ден.)**

Заштита на животната средина со отстранување на причините за загадување предизвикано од цврст отпад:

1. План и програма за управување со отпадот во општината ,
2. Расчистување на диви депонии на територијата на општината
3. Едукација за зголемување на стапката на повторно искористување и рециклирање на амбалажниот отпад (стакло, хартија, картон, метал, пластика...
4. Едукација за повторно искористување и рециклирање на електричниот и електронскиот отпад

2. **Изработка на Катастар на загадувачи (100 .000,00 ден.)**
3. **Превентивни и санациони програми и проекти (700.000,00 ден.)**

Се планира финансиска и стручна помош во реализација на проекти и програми и тоа:

1. Изработка на ГИС (географско информативен систем) за јавно зеленило,
2. Анализа на планирани површини во ДУП ови на јавното зеленило

4. **Едукативни програми и јакнење на свеста за значењето на заштитата на животната средина (работилници) 700.000,00 ден.**

Со цел за подигање на нивото на образование, јакнењето на свеста и популаризација на заштитата на животна средина, ќе се организираат и ќе се учествува на предавања, семинари, трибини, манифестации од областа на заштита и унапредување на животната средина и одбележување на значајни датуми и настани:

- Посета на саеми за заштита на животната средина,
- Ден на планетата Земја, (22 април),
- Светски ден на заштита на животната средина,(05 јуни),
- Денови на реката Вардар,
- Јавна кампања за подигање на свеста за значењето на водата
- Јавна кампања за примарна селекција на
- Саем на земјоделски, сточарски производи и хортикултурни производи произведени на територија на општина Карпош - Базари на здравје (центар на с. Бардовци)
- Едукација на еколошката свест на граѓаните и запознавање на граѓаните со начините на загадување на земјиштето воопшто,
- Едукација на населението од с.Бардовци за производство на органска храна....

5. **Мониторинг** – 200.000,00 денари.

Загадувањето на земјиштето како последица на индустриски, земјоделски, сообраќајни, малосопственички активности, е голем фактор на негативно влијание врз здравата животна средина. Дополнителен проблем создава и ниското ниво на еколошката свест на граѓаните и малосопствениците воопшто.

**6.Просторна организација на рекреативна зона со пропратни содржини во парк шума Водно-територија на општина Карпош – 200.000,00 ден.**

- Планирање и обележување на стази по:
    - Категоризација – тежина на движење по нив,
    - Генерација – родители со мали деца, планинари, тинејџери..,
    - Трим патеки,
    - Маунтбајк стази,
    - Планинарски стази за слепи...

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2011 година.
Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.
За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2011 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## III. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Карпош културните манифестации ќе ги помага и со:

- Почесно покровителство
- Доделување награди и признанија
- Обезбедување на техничка и друга помош
- Учество на промотивни и протоколарни средби

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Комисијата за заштита на животната средина на Советот на Општина Карпош, Секторот за дејности од јавен интерес и Секторот за поддршка на Градоначалникот на Општината

**V**. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.01.2011 година.

Бр.07-9729/9
03.12.2010 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002) Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2010 година

1.Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2010 година донесена на Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 03 Декември 2010 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08-10071/10**
**06.12.2010 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) Советот на Општина Карпош на Дваесет и седмата седница, одржана на 03 декември 2010 година донесе

## О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2010 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2010 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Донац. | Дотац. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **V10 ДЕТСКИ ГРДИНКИ** | | | | | |
| 425990 Други договорни услуви | 0 | 0 | 0 | -2.000.000 | 0 |
| 486110 Купување на моторни возила | 0 | 0 | 0 | - 750.000 | 0 |
| 423310 Униформи | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 900.000 | 0 |
| 483190 Купување на друг мебел | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 0 |
| 421210 Централно греење | 0 | 0 | 0 | -1.000.000 | 0 |
| 423990 Други материјало | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош “ и станува составен дел на Буџетот на Општина Карпош за 2010 година.

Број 07-9729/10
03.12.2010 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

**1.**-Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за “Карпош 3” Локалитет 1-Блок 1, Општина Карпош- Скопје со Решение за објавување ................................ 2-6
**2.**-Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2011 година со Решение за објавување .............................. 7-30
**3.**- Предлог -Одлука за донесување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи за подрачјето на Општина Карпош со Решение за објавување .......................... 31-33
**4.**- Предлог – Одлука за утврдување Ценовник за закупување на рекламен и огласен простор во општинскиот весник Урбан Карпош со Решение за објавување ............................. 34-35
**5.**-Предлог- Одлука за изменување на Одлуката за еднакви можности на жените и мажите и определување координатор за еднакви можности на жените и мажите на Општина Карпош со Решение за објавување .............................. 36-37
**6.**-Предлог-Решение за измена на Решението за избор на претседател и членови на Комисијат за спорт на Општина Карпош со Решение за објавување ......................... 38-39
**7.**-Предлог-Решение за измена на Решението за избор на претседател и членови на Комисијата со финансии и локален економски развој на ............................. 40-41 Советот на Општина Карпош со Решение за објавување
**8.**- Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош на ................................. 42-43 NEXPO – Сараево 2011 со Решение за објавување
**9.**-Предлог-Програма за заштита на животната средина за 2011 година со Решение за објавување .............................. 44-47
**10.**-Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2010 година со Решение за објавување .............................. 48-49

**Издавач:**Општина Карпош
**Главен и одговорен уредник**:Хилда Ефтимова, раководител на сектор за правни работи
**Адреса:** Бул.“Партизански одреди“ бр.68, тел.3065-925
**Тираж:** 50 примероци